Врз основа на член 61 став (7) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), министерката за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДЕЦАТА КОИ НЕ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО НАСТАВА, А СЕ СО НАДМИНАТА ВОЗРАСНА ГРАНИЦА

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот за запишување на децата кои не се вклучени во настава во основното образование, а се со надмината возрасна граница.

### Член 2

Под надмината возрасна граница се подразбира надминување на законски пропишаната возраст за започнување на задолжително основно образование.

### Член 3

Доколку се јават деца со надмината возраст, секое училиште е должно да ги вклучи овие деца во редовната настава.

### Член 4

При запишување на деца со надмината возрасна граница во основното образование, се зема во предвид документацијата што ја поседува ученикот за своето претходно образование.

### Член 5

Деца со надмината возраст се вклучуваат во задолжителното основно образование кое е организирано во три воспитно-образовни периоди и тоа :

- прв период - од прво до трето одделение;
- втор период - од четврто до шесто одделение, и
- трет период - од седмо до деветто одделение.

Доколку детето, до моментот на запишување, воопшто не посетувало настава, образованието го започнува согласно со наставните програми за прво одделение.

Во зависност од возраста, ученикот ја следи наставата заедно со ученици на своја или приближно своја возраст, при што училишето води сметка, разликата во години помеѓу ученикот што се вклучува и редовните ученици да не надминува две години, односно три години доколку се вклучува во шесто одделение.

Ученик со надмината возрасна граница не се распределува во третиот период, освен во случај кога поседува доказ - свидетелство за завршено шесто одделение, а од одредени причини го напуштил училиштето по завршувањето на шесто одделение.

Учениците со надмината возрасна граница кои се вклучени во првиот и вториот период следат настава по прилагодени програми, а учениците во третиот период ја следат наставата по редовните наставните програми за основно деветгодишно образование.

Член 6

Доколку ученикот претходно бил запишан во основно училиште, а потоа го напуштил, при повторно запишување во основното образование се зема предвид неговото последно свидетелство за завршено одделение.

Ученикот од ставот 1 на овој член, се запишува во следното одделение, водејќи се од одредбите од член 5 од овој правилник, при што се вклучува во паралелка со ученици на приближна возраст, но не повеќе од две години разлика во однос на возраста на редовните ученици.

Член 7

Ученикот со надмината возрасна граница може да се вклучи во воспитно-образовниот процес најдоцна до крај на месец февруари во тековната учебна година.

Доколку до училиштето е поднесено барање за запишување по истекот на рокот од став 1 на овој член, училиштето е должно да го прифати ученикот и да го вклучи во паралелката со која ќе ја следи наставата како редовен ученик со почетокот на следната учебна година, при што се постапува во согласност со одредбите од член 5 од овој правилник.

Во периодот до започнување на наставата, училиштето е должно да го вклучи ученикот во училишните активности со цел полесна и поуспешна адаптација и интеграција на ученикот во воспитно-образовниот процес и доколку е потребно, да обезбеди соодветна поддршка за совладување на јазикот на кој ќе ја следи наставата.

Член 8

Во случај кога е потребно да се изврши проверка на знаењата на ученикот заради негово вклучување во соодветното одделение, проверката се спроведува со инструменти/тестови утврдени од Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото).

Училиштето е должно да достави известување до Бирото за датумот на спроведување на проверката, најмалку две недели пред реализација на проверката.

На денот на спроведување на тестирањето задолжително присуствува претставник од Бирото, кој ги носи инструментите за проверка на знаењата на ученикот и ја следи реализацијата на тестирањето.

Член 9

Проверката на знаењата на ученикот се спроведува од страна на Комисија за проверка на знаењата на ученикот (во натамошниот текст: Комисија), формирана од директорот на училиштето.

По добивањето на инструментите за проверка, Комисијата е должна да потпише изјава под полна морална и кривична одговорност дека тестовите нема да бидат снимени, фотографирани или споделени со трети лица.

Член 10

За запишување на ученик до петто одделение, Комисијата е составена од еден стручен соработник педагог или психолог и два одделенски наставници.

Член 11

За запишување на ученик во шесто одделение, Комисијата составена од еден стручен соработник педагог или психолог и двајца наставници од предметна настава, соодветни од областа на природните науки, математика и мајчин јазик од училиштето.

Член 12

Пред да се спроведе постапката за проверка на знаењата на ученикот, за негово поуспешно вклучување во наставата, се врши интервју од страна на стручната служба и еден одделенски/предметен наставник, со цел добивање повеќе податоци за неговата социо - емоционална состојба и негово подобро запознавање.

Член 13

Училиштето најмалку една недела пред да се спроведе тестирањето го известува родителот/стрателот на ученикот за денот, местото и времето на проверка на знаењата на ученикот.

Член 14

По завршувањето на проверката на знаењата, Комисијата е должна да изготви записник со резултатите од тестирањето, кој мора да содржи: податоци за ученикот, датум на спроведување на проверката, оценка/резултат на проверката и забелешки за текот на тестирањето, доколку ги има.

Записникот го потпишуваат сите членови на Комисијата и се доставува до директорот на училиштето.

Врз основа на резултатите од тестирањето ученикот се вклучува во соодветното одделение, а родителите/старателите на ученикот се известуваат за донесената одлука.

Член 15

Доколку во истото училиште се запишани повеќе ученици со надмината возрасна граница, тие не се групираат во иста паралелка туку рамномерно се распределуваат во повеќе паралелки.

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот за запишување на децата кои не се вклучени во настава во основното образование, а се со надмината возрасна граница, бр. 12-15044/2 од 24.12.2020 година.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр. 18-13736/1**

**28.10.2025 година**

**Скопје**

**Министерка за образование и наука,**

**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**